НАРОДНА БАНКА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BANKA POPULLORE
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ / SHKUP

| Примено: Pranuar: | 12-11-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org: | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 02 | 27749/1 | | |

Од

Адвокат
ул.„
тел:
електронско сандаче :

До

Народна Банка на Република Северна Македонија

Предмет: <u>Барање за информации од јавен карактер</u>

Почитувани,

Согласно Законот за Народна Банка на Република Македонија (Сл.весник 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) , а во врска со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Весник на РСМ бр.101/2019) , Ве молиме како иматели на информацијата да ни ги дадете следните податоци:

Согласно Законот за Народна Банка на Република Македонија (Сл.весник 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), а во врска со член 24 став 2 точка 1, Ве молиме да ни ги дадете следните одговори :

- Кои се точните количини на злато и други благородни метали кои Народната банка на Република Северна Македонија ги држи или се држат за сметка на Народната Банка, вклучително и салда на сметка кои ги преставуваат златото и другите благородни метали?
- Кога е направен последниот попис, процена и увид во истите , Ве молиме да доставите препис од Извештајот за истите ?
- Каде се наоѓаат физички златото и благородните метали во моментот на поднесување на овој допис?
- Дали врз златото и благордните метали кои се чуваат како девизини резерви постои соодветно кредитно оптеретување во однос на кредитната изложеност на Република С Македонија.

Ве молам за брз и соодветен одговор на поставените прашања , како и препис од соодветните извештаи кои се изготвени при последниот увид, попис и процена.

Прилог 1

( Образец ПП……)

До: Народна Банка на РСМ
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: ______________________________________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: дадени во припоѕ

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- (б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- (а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** Скопје , 12.11 2020 **година .** ____________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 18 ноември 2020 година донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од адвокат примено во Народната банка на Република Северна Македонија под број 02-27749/1 од 12.11.2020 година, се ОДОБРУВА.

Народната банка на редовна основа објавува податоци за монетарното злато во своите годишни извештаи, при што последно објавените податоци се достапни во Финансиските извештаи за Народната банка за 2019 година и Годишниот извештај на Народната банка за 2019 година.

Согласно член 61 став 2 и став 3 од Законот за Народна банка на Република Македонија(„Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), финансиските извештаи се потврдуваат од друштвото за ревизија и се објавуваат на интернет страницата на Народна банка, www.nbrm.mk.

Во продолжение ги доставуваме следниве одговори на поставените прашања:

- Вкупните златни резерви на Народната банка, заклучно со 31 декември 2019 година, изнесуваат 221.786,4357 унци. (стр. 56 од Финансиските извештаи за Народната банка за 2019 година, достапно на интернет страницата на Народната банка на следнава интернет врска http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-finansiski-izvestai-na-narodnata-banka-za-2019-godina.nspx). За позачестено информирање ве упатуваме на Статистичкиот веб-портал на Народната банка каде на месечна основа се објавуваат податоци за монетарното злато коешто е дел од официјалните девизни резерви, на следнава интернет врска http://www.nbrm.mk/oficijalni_devizni_rezervi_i_devizna_likvidnost.nspx.

- Сите материјални аспекти за монетарното злато и останатите девизни средства прикажани во Финансиските извештаи за Народната банка за 2019 година се проверени и потврдени од страна на избраното друштво за надворешна ревизија (Дилоит доо Скопје). Извештајот на независниот ревизор е составен дел на Финансиските извештаи.

- Најмалку еднаш годишно се извршува попис на сите средства и обврски на Народната банка. Последниот редовен годишен попис е извршен со состојба 31.12.2019 година. Попишаната состојба на златото целосно се согласува со сметководствената состојба на златото, што е констатирано во Извештајот од пописната комисија кој како интерен документ, согласно ревизорските процедури е земен предвид при вршењето на ревизијата од страна на надворешниот ревизор.

- Според член 24 став 2 алинеја 1 од Законот за Народната банка и точка 7 од Политика за управување и инвестирање на девизните резерви (достапни на официјалната интернет страница на следнава интернет врска http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-politika--za-upravuvane-i-investirane-na-deviznite-rezervi-na-republika--

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-224; 3108-549
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-309
Е-пошта: AndreevskaM@nbrm.mk
**www.nbrm.mk**

makedonija.nspx), Народната банка чува одреден дел од девизните резерви во злато. Златото се чува во трезорот на Народната банка и во странство.

- Врз монетарното злато во состав на девизните резерви не постои никакво кредитно оптоварување, а според точката 7 од Политика за управување и инвестирање на девизните резерви (достапно на интернет врска наведена погоре), Народната банка може да врши трансакции со злато на домашниот пазар и меѓународниот пазар, колатерализирани и неколатерализирани депозити кај банки и финансиски институции, како и да претопува злато коешто не ги исполнува пазарните стандарди во златни прачки.

**Образложение**

На 12 ноември 2020 година од страна на адвокат Томислав Максимовски доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бара од Народната банка на Република Северна Македонија да ги достави следните податоци:

- Кои се точните количини на злато и други благородни метали кои Народната банка на Република Северна Македонија ги држи или се држат за сметка на Народната банка, вклучително и салда на сметка кои ги претставуваат златото и другите благородни метали?
- Кога е направен последниот попис, процена и увид во истите. Ве молиме да доставите препис од Извештајот за истите?
- Каде се наоѓаат физички златото и благородните метали во моментов на поднесување на овој допис?
- Дали врз златото и другите благородни метали кои се чуваат како девизни резерви постои соодветно кредитно оптеретување во однос на кредитната изложеност на Република Северна Македонија?

Имајќи во предвид дека бараните податоци претставуваат информации од јавен карактер со кои Народната банка располага и се достапни и објавени на интернет страницата на Народната банка, на барателот му се доставуваат податоците во бараната форма.

Со оглед на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 02-27749/2
18 ноември 2020 година

Секретар на банката
Маја Андреевска

**Правна поука**: Незадоволниот учесник има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Агенцијатата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Копие до:
Дирекција за ПР